# Лист со факти

## Што се тоа издвојувања за пензија (superannuation)?

Издвојувања за пензија (superannuation) се пари што сте ги заштеделе во текот на вашиот работен век, за да живеете од нив кога ќе се пензионирате. Кога почнувате да работите, вашиот работодавец уплатува пари за вашиот “superannuation” на сметка по ваш избор.

Треба да запомните:

- работодавецот е должен да уплатува придонеси за “super” од најмалку 9% од вашата плата
- тие пари не се одбиваат од вашата плата, туку се додаток исплатуван згора на вашата плата.

Ако сакате, вие може да доплатувате на вашата “super” сметка, што може да помогне вашиот “super” да расте со побрза стапка.

Дури и мали доброволни придонеси може да направат голема разлика во поглед на вкупната сума на вашиот “super”. А што порано ќе почнете, толку повеќе ќе имате кога ќе се пензионирате.

## Зошто ви требаат пари за пензија?

За многу луѓе пензијата е нивниот главен извор за живот кога ќе се пензионираат. Затоа е многу важно да се има “superannuation” заштеда и таа да се дополнува кога ќе можете, за да имате доволно пари за живот кога ќе се пензионирате.

## Што добивате како член на AustralianSuper?

Ако сте член на AustralianSuper, вие сте член на еден од најголемите пензиски фондови во Австралија.

AustralianSuper има повеќе од 1,4 милион членови, што е околу 10% од вработените во Австралија и повеќе од $26 милијарди во имот.

AustralianSuper пружа многу важни бенефиции, како што се:

- традиција на солидни долгорочни резултати од инвестирање
- фондот работи само заради профит за членовите
- избор на можности за инвестирање
- флексибилни можности за осигурување
- ниски административни трошоци
- “superannuation” и пензиски производи и
- Superannuation Service Managers кои посетуваат членови низ цела Австралија

AustralianSuper ви нуди и пристап кон дополнителни производи и услуги кои сега можете да ги користите:

- заеми за куќи и лични заеми по ниски цени
- штедна сметка и кредитна карта
- инвестициски производи кои не се “superannuation”
- бесплатни семинари за пензионирање и финансиско планирање
- пристап кон квалификувани финансиски планери и
- здравствено осигурување по ниски цени

## Како да станам член на AustralianSuper?

Разговарајте со вашиот работодавач за да ја изберете AustralianSuper како ваш пензиски фонд. Вашиот работодавач можеби веќе е регистриран со нас. Ако не е, ќе треба да се согласи да извршува плаќања во AustralianSuper во ваше име.

Тогаш вие ќе треба да пополните формулар за пристапување, кој се наоѓа во нашиот Member Guide (Product Disclosure Statement). Јавете се на AustralianSuper на **1300 300 273** за да побарате формулар или симнете го од нашата интернет страна на **www.australiansuper.com**

Некои од вработените во AustralianSuper зборуваат и други јазици и ќе можат да ви помогнат со преведувач.

**Важна информација:** Овој документ е од општа природа и не ги зема предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да донесете одлука во врска со AustralianSuper, проучете ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за претставување на производ (Product Disclosure Statement) што можете да ја најдете на **www.australiansuper.com/tools** или ако се јавите на **1300 300 273**. AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898.

Логото ‘Lifetime of difference’ користено со дозвола на Industry Fund Services (IFS) и таа дозвола не е повлечена до датумот на оваа публикација.
* Овие производи и услуги се обезбедени од трети странки, а не директно од страна на AustralianSuper. AustralianSuper не ги препорачува, одобрува или прифаќа одговорност за овие услуги. AustralianSuper може да инвестира во овие трети странки, меѓутоа не добива никаква провизија од овие организации како резултат на тоа што членовите ги користат нивните производи и услуги.